

Прогоните против христијаните од страна на римската власт, кои започнале во времето на императорот Нерон и со извесни прекини траеле се до Миланскиот Едикт во 313 г. кога христијанството било признато за рамноправна религија во Римската Империја, повеќе или помалку, ги засегнале христијанските црковни општини на целата територија на Римската Империја вклучувајќи ги оние во Македонија.

За прв христијански мачeник од Македонија се смета Великомаченичката Ирена (Ирина) која живеела кон крајот на I век. Како што соопшува анонимниот автор на нејзиното житие, Ирена пред да го прифати христијанството го носела името Пенелопа и потекнувала од благородничко семејство; Татко и Ликиниј бил управник на градот Мигдонија кој се наоѓал во Македонија.

Според црковната традиција Ирена била покрстена лично од Тимотеј, ученикот на апостолот Павле и придружник за време на првото и третото патување на Апостолот во Македонија, а подоцна лично од Павле поставен за епископ на Ефес, на која функција останал се до неговата смрт. Покрстувањето на Ирена од страна на Тимотеј се датира за време на првото или третото патување на Павле во Македонија кога Тимотеј единствено  имал можност лично да ја покрсти Ирена.

Она што збунува во врска со сето ова е фактот, дека, иако се работи за голема и важна светица, сепак, во Новозаветните текстови, во делот каде што сведочат за ширењето на христијанството во Македонија, воопшто не се споменува нејзиното покрстувањето од страна на Тимотеј. Меѓутоа тоа не значи дека податокот во нејзиното Житие не е точен. Напротив, Ирена не е спомната во Делата на светите апостолите зашто во време кога ,,Делата” биле напишани од страна на евангелистот и апостол Лука, Ирена сеуште била млада и непозната за авторот – една од мноштвото христијански преобратеници во Македонија. Во прилог на оваа претпоставка оди фактот дека во Делата на светите апостолите поименично се спомнати само повидните членови на новоформираните христијанските општини во Македонија, додека пак останатите христијански преобратеници (конвертити), меѓу кои била во тоа време сеуште младата Ирена, поради нивната голема бројност не било можно сите поименично да бидат спомнати во текстот.

